Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 ноември 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 ноември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео - конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 9:05 часот.

На седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваше и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествува: д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд со Кредитна линија за претпазливост и ликвидност, по скратена постапка

2. Информација во врска со потребата од склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален совет за воспоставување на партнерство за миграција, со усогласен текст на Меморандум.

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Информација за постапувањето по извештајот на Државниот инспекторат за труд по однос на извршениот надзор на законитоста на постапката за склучување на Колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

I. Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд со Кредитна линија за претпазливост и ликвидност, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерство за финансии да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон согласно укажувањата на Секретаријат за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд со Кредитна линија за претпазливост и ликвидност, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

II. Владата го разгледа Барањето до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за обезбедување на Кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line – PLL) и притоа заклучи:

1. Го усвои новиот текст на Барањето до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за обезбедување на Кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line – PLL).

2. Се задолжува Министерството за финансии, а се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија, да го потпишат новото Барање до Меѓународниот монетарен фонд (ММФ)

за обезбедување на Кредитна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line – PLL) во износ од 290% од квотата или 406,87 милиони Специјални права на влечење (СПВ).

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален совет за воспоставување на партнерство за миграција, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1.Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален совет за воспоставување на партнерство за миграција.

2.Се овластува министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален совет за воспоставување на партнерство за миграција.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за преземање на мерка за финансиска поддршка со засметување на разликата на цена на топлинската енергија на вршителите на енергетските дејности на пазарот на топлинската енергија за потрошената топлинска енергија од страна на потрошувачите на топлинска енергија од категорија домаќинства во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 27 октомври 2022 година до 2 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 27 октомври 2022 година до 2 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна

Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 27 октомври 2022 година до 2 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за постапувањето по Извештајот на Државниот инспекторат за труд по однос на извршениот надзор на законитоста на постапката за склучување на Колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поради незаконитост на постапката за склучување, да започне постапка за отказ на Колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-1970/1 од 12.2.2022 година, согласно роковите утврдени во предметниот колективен договор и законските одредби од член 229 од Законот за работните односи.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изготвениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите да го достави на разгледување на наредната седница на Владата.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9:20 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**